Врз основа на член 60–б од Законот за сточарството (,,Службен весник на Р.М” бр. 07/08, 116/10 и 23/13), а во согласност со дел I мерка 6 од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2013 година (,,Службен весник на Р.М” бр. 05/13, 41/13 и 87/13) Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство објавува:

**ЈАВЕН КОНКУРС**
**за давател на јавни услуги спроведување на мерки и активности од ЗОПОД и развојно истражувачки задачи од подрачјето на изведувањето на програмите за одгледување за потребите на ЗОПОД**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Зоотехниката е регулирана согласно законот за сточарството (,,Службен весник на Р.М” бр. 07/08, 116/10 и 23/13).
Нарачател на јавниот конкурс е Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство.
Право на учество на јавниот конкурс имаат овластени субјекти од областа на сточарството кои ги исполнуваат општите услови од член 59 став 1 од Закон за сточарството и посебните услови утврдени со Правилник за поблиските услови за вршење на одделна јавна услуга спроведување на мерки и активности за спроведување на матичното книговодство, утврдување на генетскиот квалитет и приносот во сточарството („Службен весник на РМ“ бр.60/2013).
Јавниот конкурс за давателот на јавните услуги спроведување на мерки и активности од ЗОПОД и развојно истражувачки задачи од подрачјето на изведувањето на програмите за одгледување за потребите на ЗОПОД трае петнаесет дена од денот на неговото објавување.

## II. ПРЕДМЕТ НА ЈАВНИОТ КОНКУРС

Предмет на јавниот конкурс е донесување на решение за избор на овластен субјект за давање на услуги за спроведување на мерки и активности од ЗОПОД и развојно истражувачки задачи од подрачјето на изведувањето на програмите за одгледување за потребите на ЗОПОД.

## III. ВИД НА ЈАВНА УСЛУГА

Спроведување на мерки и активности од ЗОПОД и развојно истражувачки задачи од подрачјето на изведувањето на програмите за одгледување за потребите на ЗОПОД.

Јавната услуга ги опфаќа следните активности:

**А. <u>Во делот на говедарството:</u>**

1. **Воспоставување и одржување на матично книговодство**

1.1 Воспоставување и одржување на матично книговодство во Признати организации на одгледувачи на говеда (со потполн упис на производните грла во матична книга кај секоја Призната организација на одгледувачи)

запишани во едиствениот Регистар на Признати организации на одгледувачи

2. **Испитувања извршени за утврдување на генетскиот квалитет или приносот во говедарството**

2.1 Контрола на производни особини
2.1.1 Контрола на млечност
2.1.2 Контрола на квалитет на млеко
2.2 Контрола на репродуктивни особини
2.3 Контрола на екстериер
2.4 Селекциска смотра
2.5 Молекуларни анализи

**<u>Б. Во делот на овчарството:</u>**

1. **Воспоставување и одржување на матично книговодство**

1.1 Воспоставување и одржување на матично книговоство во Признати организации на одгледувачи на овци (со потполн упис на производните грла во матична книга кај секоја Призната организација на одгледувачи) запишани во едиствениот Регистар на Признати организации на одгледувачи

2 **Испитувања извршени за утврдување на генетскиот квалитет или приносот во овчарството**

*2.2* Контроола на производни особини
2.1.1 Контрола на млечност
2.1.2 Контрола на квалитет на млеко
2.2 Контрола на репродуктивни особини
2.3 Контрола на екстериер
2.4 Селекциска смотра
2.5 Молекуларни анализи

**<u>В. Во делот на козарството:</u>**

1. **Воспоставување и одржување на матично книговодство**

*1.1* Воспоставување и одржување на матично книговодство во Признати организации на одгледувачи на кози (со потполн упис на производните грла во матична книга кај секоја Призната организација на одгледувачи) запишани во едиствениот Регистар на Признати организации на одгледувачи

2. **Испитувања извршени за утврдување на генетскиот квалитет или приносот во козарството**

*2.1.* Контроола на производни особини
2.1.1 Контрола на млечност
2.1.2 Контрола на квалитет на млеко
*2.2.* Контрола на репродуктивни особини
*2.3.* Контрола на екстериер
*2.4.* Селекциска смотра
*2.5.* Молекуларни анализи

**<u>Г. Во делот на свињарството:</u>**

1. **Одржување на матично книговодство**

*1.1* Одржување на матично книговодство во Признати организации на одгледувачи на свињи (со потполн упис на приплодните грла во матична книга кај секоја Призната организација на одгледувачи) запишани во едиствениот Регистар на Признати организации на одгледувачи

*1.2* Контрола и одржување на педигре базите

**2. Испитувања извршени за утврдување на генетскиот квалитет или приносот во свињарството**

2.1. Контрола и следење на производни особини според одгледувачки цели:

2.2. Перформанс тест на назимки - чисторасни и крстоски

2.3. Контрола и следење на репродуктивни особини според одгледувачки цели

2.4. Контрола и следење на кланичниот квалитет на свињите според одгледувачки цели

2.5. Селекциска смотра

2.6. Молекуларни анализи

**<u>Д. Во делот на пчеларството:</u>**

**1. Воспоставување и одржување на матично книговодство**

*1.1* Воспоставување на матично книговодство кај најмалку пет пчеларници со капацитет од вкупно 500 пчелни семејства и тестна популација од не помалку од 100 пчелни семејства (во контрола)

**2. Испитувања извршени за утврдување на генетскиот квалитет или приносот во пчеларството**

3 Контрола на производни особини

2.3.1 Контрола на развојот, динамиката, и јачината на пчелното семејство со број на ќелии со легло и број на пчели работнички

2.3.2 Контрола на одбранбеното однесување

2.3.3 Контрола на производството на полен

2.3.4 Контрола на роидбеното однесување

2.3.5 Контрола на хигиенското однесување

2.3.6 Контрола на производство на мед

2.3.7 Контрола на потрошувачка на храна во зимскиот период

*2.4.* Контрола на репродуктивни особини

*2.5.* Контрола на екстериер

- Морфометриска анализа

*2.6.* Селекциска смотра

*2.7.* Молекуларни анализи

**<u>Ѓ. Во делот на живинарството:</u>**

1. Испитувања извршени за утврдување на генетскиот квалитет или приносот во признати организации на одгледувачи на живина запишани во едиствениот Регистар на Признати организации на одгледувачи
2. Добивање на резултати за за лесни јајценосни родителски генотипови и тешки бројлерски родителски генотипови и тоа за:
    - репродукција, инкубација, лупливост,
    - квалитетот на јајцата за инкубација, цврстина на лушпа
    - квалитет на еднодневните пилиња
3. Добивање на резултати за лесни јајценосни хибриди-комерцијални генотипови и тешки бројлерски хибриди – комерцијални генотипови и тоа за:
    - несивост

- квалитет на комерцијални јајца за консумација – внатрешен квалитет и цврстина на лушпата

**<u>Е. Во делот на коњарството:</u>**

1. **Воспоставување и одржување на матично книговодство**

*1.1* Воспоставување на матично книговодство кај најмалку четири ергели (коњички клубови) со опфатени не помалку од 40 грла во евиденција (во контрола)

2. **Испитувања извршени за утврдување на генетскиот квалитет во коњарството**

*2.1* Контрола на производни особини
*2.2* Контрола на репродуктивни особини
*2.3* Контрола на екстериер
Контрола на работни способности (резултати од натпревари)

## IV. ПОЧЕТОК И ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ЈАВНИТЕ УСЛУГИ

Извршувањето на јавните услуги - спроведување на мерки и активности од ЗОПОД и развојно истражувачки задачи од подрачјето на изведувањето на програмите за одгледување за потребите на ЗОПОД е за 2013 година со доставување на извештај за спроведени активности заклучно со 31.03.2014 година.

## V. КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР

Критериум за избор на овластен субјект за вршење на јавна услуга е исполнување на условите утврдени во Законот за сточарството и Правилник за поблиските услови за вршење на одделна јавна услуга спроведување на мерки и активности за спроведување на матичното книговодство, утврдување на генетскиот квалитет и приносот во сточарството и тоа:

- да има вработено најмалку пет лица со научен степен доктор на науки од научна област биотехнички науки, подрачје добиточно производство и пчеларство и
- да има вработено најмалку пет лица дипломирани инжињери од научна област анимална биотехнологија – сточарство.
- Исполнување на поблиските критериуми утврдени во Правилникот за поблиските услови за вршење на одделна јавна услуга спроведување на мерки и активности за спроведување на матичното книговодство, утврдување на генетскиот квалитет и приносот во сточарството

Методологијата за изразување на критериумите во бодови е следна:

**1.** Бодови за техничка опременост - **вкупно 35 бода**

Бодовите за елементот техничка опременост ќе се делат на:

- Теренска опрема 7 бода
- Лабараториска опрема за хемиска анализа на млеко 7 бода
- Лабараторија за утврдување на генетски квалитет 7 бода
- Лабараторија за принос во сточарството 7 бода
- Софтвер и Хартвер 7 бода

**2.** Бодови за кадровска екипираност – **вкупно 40 бода**

Бодовите за елементот кадровска екипираност ќе се делат на:

- Доктори по науки за добиточно производство 7 бода
- Доктори по науки за крупно сточарство (говедарство и коњарство) 7 бода
- Доктори по науки за мали преживни животни (овчарство и козарство) 7 бода
- Доктор по науки за живинарство 7 бода
- Доктор по науки за пчеларство 7 бода
- Дипломирани инженери агрономи по сточарство 5 бода

**3.** Бодови за цена - **вкупно 25 бода**
Бодовите за елементот цена ќе се доделат според следнава формула:

$$\textbf{\textit{Број на бодови}} = \frac{\textbf{\textit{Најниска цена (без ДДВ) * максимален број на бодови}}}{\textbf{\textit{Цена (без ДДВ)}}}$$

## VI. МАКСИМАЛНА ЦЕНА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ЈАВНАТА УСЛУГА

Максимална цена за извршување на јавната услуга е 8 000 000,00 (осум милјони) денари со ДДВ, средства предвидени во дел I мерка 6 од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2013 година („Службен весник на Р.М.” бр. 05/13, 41/13 и 87/13 )

## VII. ВРЕМЕНСКИ РОК ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ЈАВНАТА УСЛУГА

Извршувањето на јавните услуги - спроведување на мерки и активности од ЗОПОД и развојно истражувачки задачи од подрачјето на изведувањето на програмите за одгледување за потребите на ЗОПОД е за 2013 година со доставување на извештај за спроведени активности заклучно со 31.03.2014 година.

## VIII. КОНТАКТ ЛИЦЕ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ИНФОРМАЦИИ ВО ВРСКА СО СОДРЖИНАТА НА ЈАВНИОТ КОНКУРС

Контакт лице за дополнителни податоци и информации во врска со постапката за јавните услуги:

Сашо Ѓуровски на е - маил адреса
saso.gjurovski@mzsv.gov.mk
sashodjurovski@yahoo.com

## IX . НАЧИН И РОК НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПРИЈАВИТЕ

Понудите се доставуваат до Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, со адреса на Улица Аминта Трети број 2
Краен рок за поднесување на понудите е 15 (петнаесет) дена од денот на објавување на јавниот конкурс во дневниот печат.

## X. ДАТА, МЕСТО И ВРЕМЕ НА ОТВАРАЊЕ НА ПРИЈАВИТЕ

Понудите ќе бидат отворени во 10 часот, првиот нареден работен ден по завршувањето на огласот во просториите на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Улица Аминта Трети број 2.

## XI. НАЧИН НА ИНФОРМИРАЊЕ НА КАНДИДАТИТЕ ЗА ИЗВРШЕНИОТ ИЗБОР

Информирањето на кандидатите за извршениот избор е со писмено известување.

## XII. ЗАДОЛЖИТЕЛНА ПРОПРАТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

Овластените субјекти покрај понудата за вршење на јавна услуга е потребно да ја приложат и следната пропратна документација

1. Доказ за упис во Централниот регистер на Република Македонија
2. Доказ за позитивен бонитет
3. М1/М2 образец
4. Изјава за исполнување на поблиските услови предвидени во правилник за поблиските услови за вршење на одделна јавна услуга спроведување на мерки и активности за спроведување на матичното книговодство, утврдување на генетскиот квалитет и приносот во сточарството („Службен весник на РМ“ бр.60/2013).
5. Ценовник по кои давателите на услугите би ги извршувале јавните услуги за кои поднесуваат понуда од точка I. од овој конкурс.

Документите кои се доставуваат потребно е да бидат во оригинал или копии заверени на нотар.

## XIII. ПОСТАПКА

Постапката на отворање и оценување на понудите ја врши Комисија назначена од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Отварањето, разгледувањето и оценувањето на понудите е јавно.

Понудите кои ќе бидат поднесени по утврдениот рок нема да бидат разгледувани

Овластени претставници на понудувачите може да бидат присутни на отварањето на пријавите.

Овластената институција од областа на сточарството која добила решение за избор на овластен субјект за вршење на јавна услуга за спроведување на мерки и активности од ЗОПОД и развојно истражувачки задачи од подрачјето на изведувањето на програмите за одгледување за потребите на ЗОПОД склучува договор со Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство.